**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Бр. 03-2452/9

Скопје 08.05.2014г.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Бул. ВМРО бр.3
1000 Скопје
Република
Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

**До: г-дин Фари Елез**

**Управител на Трговско друштво за радио-дифузна дејност ТВ Шутел ДООЕЛ, Скопје**

**Предмет: Одговор на допис**

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис (наш бр. 03-2452/7 од 06.05.2014 г.) којшто се однесува на изречената мерка од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за сторен прекршок на член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик (емитувани повеќе од 8 минути платено политичко рекламирање за еден учесник во изборна кампања во текот на еден реален час), констатиран на 17 април 2014 година, Ве известуваме за следново:

- Во дописот наведувате дека временскиот период кога е регистриран прекршокот, од 23:02:24 до 23:13:51 часот, евидентиран во Записникот за констатиран прекршок бр.03-2454/2 од 17.04.2014 г., што Ви е доставен од страна на Агенцијата, отстапува од временскиот период кога е реално емитувано платеното политичко рекламирање на Вашата програма. Според Вашиот медиа план, како што наведувате во дописот, почетокот на платеното политичко рекламирање не бил во 23:02:24 часот, туку три минути пред 23.00 часот, односно во 22 часот и 57 минути, и оваа разлика во времињата според Вас се должи на неусогласеноста на часовниците, оној по кој Вие сте ја емитувале програмата и оној по кој Агенцијата го спроведувала мониторингот.

- Ве информираме дека пред почетокот на мониторингот на медиумите за кампањата за Претседателските и Парламентарните избори, Агенцијата за секој радиодифузер поединечно изврши усогласување на времето кое се втиснува

на снимките со реалното време на емитување од страна на медиумите. Во конкретниов случај, за констатираниот прекршок од 17 април, Ве уверуваме дека не постои разлика во минути, како што наведувате во дописот, меѓу она што е регистрирано со мониторингот и Вашето време на емитување на програмските содржини.

Доказ за тоа се три блокови платено политичко рекламирање (снимки од одржани митинзи на ВМРО ДПМНЕ и Коалицијата „За подобра Македонија") емитувани на Вашата програма истиот ден, на 17 април 2014 година. Првиот блок ППР (снимка од митинзи на ВМРО ДПМНЕ и Коалицијата „За подобра Македонија" одржани во Валандово и Гевгелија) е емитуван во периодот од 11:52:42 до 12:08:12. Вториот и третиот блок ППР (снимки од митинзи на ВМРО ДПМНЕ и Коалицијата „За подобра Македонија" од Крушево и Прилеп), коишто докажуваат дека времето втиснато на снимките по кои постапува Агенцијата не отстапува од времето по коешто Вие сте се раководеле при креирањето на програмата, се емитувани во периодите од 19:52:24 до 20:07:31, односно од 21:52:06 до 22:05:48 часот. Од наведените времиња се гледа дека сте се труделе да ги запазите законските обврски утврдени во член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, емитувајќи ги снимките на премин од еден во друг реален час, притоа внимавајќи во текот на еден реален час, на еден организатор на изборна кампања, да не му отстапите повеќе од 8 минути. Наведените времиња се доказ дека часовникот по кој Вие сте се раководеле при креирањето на програмата е речиси идентичен со оној по кој е вршен мониторингот од страна на Агенцијата и отстапувањата се само за неколку секунди, а не во минути. Доколку постои разлика во времињата кај констатираниот прекршок од повеќе од 5 минути, како што тврдите во дописот, временските периоди на претходно наведените три блока ППР би се поместиле за пет минути наназад и тогаш во сите три наведени ситуации би имале прекршување на член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик. Но, со оглед на тоа дека часовниците не отстапуваат еден од друг, со мониторингот е констатиран само прекршокот што од Ваша страна е евидентно направен.

Со почит,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Претседател,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**